**Записник од завршна конференција Мрежа 23**
9 јули 2015 година, Скопје

**Донатори:**
Европска Унија
Амбасада на Кралството Холандија

***Спроведувачи на проектот:***
Институт за европска политика (ЕПИ) - Скопје
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
Центар за управување со промени

***Соработници:***
Фондација Европски Институт – Софија
Институт Алтернатива – Подгорица
Центар за европска политика (ЦЕП) – Белград

*Граѓанското општество својот придонес може да го реализира преку поставувањето на одредниците и начинот на кој ќе се следи реализацијата на итните реформски приоритети, особено преку изработените анализи од страна на Мрежа 23, кои токму имаат цел да ја претставават ситуацијата во Република Македонија и да понудат конкретни опции за унапредување на состојбите.*

Во име на партнерските организации на ***Мрежа 23***, конференцијата ја отвори ***д-р Малинка Ристевска-Јорданова*** од ***Институтот за европска политика***. Таа објасни дека целта на настанот е да ѝ се претстави на јавноста Мрежа 23 и граѓанските организации кои се дел од мрежата. Д-р Ристевска-Јорданова нагласи дека „…во изминатите месеци се учевме, се обучувавме, разменувавме мислења, дискусии. Заедно се обидовме да најдеме заеднички точки за идната Мрежа 23. Како резултат на сево ова, денес имаме една нова мрежа во Република Македонија, Мрежа 23“.[1] Во тој контекст, мисијата на Мрежа 23 е да биде релевантен учесник во креирањето и во следењето политики, засновани на докази и на аргументи, во областите на правосудството и на темелните права, преку поттикнување активно граѓанство.

Во продолжение, д-р Ристевска-Јорданова се осврна на прашањето од потребата на оваа мрежа. Беше нагласено дека соработката со другите мрежи и натамошното вмрежување е од исклучителна важност затоа што во Поглавјето 23 се работи за Уставот на Република

[1] Здружение на финансиските работни на локалната самоуправа и Здружение на граѓани за еднакви можности „Еднаков пристап“, Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија на Република Македонија, Здружение „НОВУС“ од Струмица, Здружение Плоштад Слобода - здружение за активизам, теорија и уметност - Скопје, Институт за европска политика, Институт за човекови права, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“, Коалиција „Сите за правично судење“, НВО Инфоцентар - Скопје, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија и Центарот за стратегии и развој ПАКТИС – Прилеп.

Македонија, за правата на граѓаните и за демократските стандарди. Таа го постави прашањето „дали сакаме да бидеме на опашката или да одиме напред и да го свртиме целиот овој негативен тренд. Како? Преку тоа да им дишеме во врат на сите власти (законодавна, судска, извршна), да им дишеме во врат на независните тела да не бидат алиби за некои политики и за мешање во нивните работи, да ги подадеме нашите раце кон засегнатите страни, кон оние кои треба да се изборат за својата фела: судиите, судските работници, сите оние кои работат во институциите и независните тела, кои треба ги штитат правата на граѓаните", Ристевска-Јорданова нагласи дека тоа може да се постигне преку нови производи и документи за јавна политика, не како замена за академската заедница, туку преку она што ќе се произведе да биде навистина засновано на докази и на аргументи и да биде засновано на она што „ќе го утврдиме на теренот, што ќе го утврдиме заедно со сите засегнати страни, што повеќе да се свртиме кон граѓаните, да им подадеме рака, да го опипаме пулсот за да не ни биде далечно Поглавјето 23".

***Г-ѓа Ермира Мехмети***, ***претседателка на Комисијата за европски прашања***, ја изрази својата јавна поддршка укажувајќи дека е „мое граѓанско признание, но и политичко, поради фактот што дури и кога политиката изгледа дека некогаш молчи и е дезориентирана, граѓанското општество работи, дебатира и граѓанското општество се труди да го одржи во живот процесот којшто сите нас нè прави оптимисти и овој е процесот на изградба на една европска Македонија, демократска Македонија, мултиетничка Македонија, една Македонија којашто сите ние посакуваме да ја видиме во една блиска иднина како дел од ЕУ". Таа додаде дека искрено верува во одговорноста на сите чинители во општеството, независно од профилот, кои на ваков начин треба да го дадат својот придонес за да се одржи во живот овој значаен процес, особено во моменти кога интегративниот процес на државата е во криза.

> *...и кога политиката изгледа дека некогаш молчи и е дезориентирана, граѓанското општество работи, дебатира и граѓанското општество се труди да го одржи во живот процесот којшто сите нас нè прави оптимисти и овој е процесот на изградба на една европска Македонија...*

Осврнувајќи се на извештајот на г. Прибе, г-ѓа Мехмети упати на „вознемирувачките заклучоци упатени кон Владата на Република Македонија" и нагласи дека „поставениот модел на управување и начинот на функционирање на институциите е фактички во колапс". Таа повика на одговорност од политичките актери од власта, но и од опозицијата, во понудата на одговор, особено во исполнувањето на улогата на Собранието доколку во него не учествуваат сите политички актери. Поради тоа, г-ѓа Мехмети изјави: „сметам дека е значајно во рамки на нашите напори да добиеме позитивна препорака од Европската комисија, имено за зачувување на препораката да му се даде уште една шанса на европскиот процес". Таа констатираше дека ова е шансата која опозицијата не би требало да ја испушти поаѓајќи од повисоките вредности наспроти политичките инаети за излез од кризата, нагласувајќи дека сите лидери, но и сите општествени актери треба да сфатат дека ова е моментот кога заеднички треба да ја согледаат политичката одговорност пред граѓаните.

На крај, г-ѓа Мехмети нагласи дека освен акцискиот план на г. Прибе, кој на многу прецизен начин ги потцртува недостатоците на управувањето во Македонија, на државата и на општеството им треба еден акциски план кој ќе ги согледа и итните реформи во врска со исполнувањето на Охридскиот рамковен договор. Според неа, „во услови во кои механизмот

на правичната застапеност е трансформиран за партиски апетити и не го дава потребниот резултат затоа што ние сме во еден вид натпревар за одреден број Албанци да компензираме за одреден број вработени Македонци и не сум сигурна дали ја постигнуваме целта или ја реализираме идејата на Охридскиот рамковен договор во однос на правичната застапеност“.

***Г-ѓа Уранија Пировска***, во име на ***Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија***, нагласи дека Мрежа 23 ја гледа како „како куче кое ќе им дише во врат на оние кои ќе бидат активни чинители во пристапниот процес кон ЕУ“. Пировска додаде дека проектот се случува во моментот, кој е мошне соодветен за да се направи соодветно тло за граѓанскиот сектор да може да има активна улога во овој процес, додавајќи дека нема компромис кога станува збор за човековите права, за владеењето на правото и за сето она што треба да биде изнесено пред лицето на правдата и да биде санкционирано.

Таа додаде дека извештајот на Рајнхард Прибе конечно го отслика сето она што граѓанскиот сектор години наназад го укажувал, за коешто некои тврдеа дека е теорија на заговор од страна на граѓанските организации. Според г-ѓа Пировска, „она што се направи со овој проект е воспоставувањето консолидирана база на податоци, „база на податоци поврзана со правата кои ги третира Поглавјето 23, права кои се основни, коишто треба да се остваруваат за да можете да зборувате за создавање некакви демократски стандарди“. Од друга страна, мрежата, исто така, ќе придонесе за да се отвори дијалог со некоја влада што се очекува дека во иднина ќе биде демократски настроена да ги прифати препораките и сугестиите на граѓанскиот сектор.

*…се надеваме дека ние го трасиравме патот и јас се надевам дека и понатаму објективно, непристрасно и реално ќе се отсликуваат состојбите коишто ќе бидат дел од таа база на податоци на Мрежа 23. Ќе имате можност понатаму да ја видите и Анализата којашто беше подготвена и да видите дека во голем дел се совпаѓа со оние констатации кои беа изнесени во извештајот на господинот Рајнхард Прибе…*

Г-ѓа Пировска додаде дека не може да се побегне од нужноста од граѓанскиот сектор, како што е сега вклучен во проблемите кои се наметнаа од политичката криза, дека еден ден ќе треба да се биде активен чинител во процесот на пристапување.

***Г. Роберт Лидл,*** во име на ***Делегацијата на Европската Унија***, нагласи дека ова е проект „што има постигнато многу работи и треба да постигне уште многу работи во иднина“. Беше нагласено дека проектните активности се линија со пристапот од итните реформски приоритети објавени од Европската комисија и проблематиката со која се соочува земјата, регионот и Европската Унија. Г. Лидл нагласи дека „гледајќи низ просторијава сум импресиониран што сум опкружен со млади луѓе. Мислам дека е навистина значајно вие да бидете вклучени, не само вие туку и многу други луѓе, бидејќи граѓанското општество всушност се луѓето и навистина е битно да се мотивираат и да се заинтересираат да бидат активни по овие прашања“.

Осврнувајќи се на извештајот на господинот Прибе, г. Лидл нагласи дека „…се потенцираат неколку клучни препораки, но малку се споменуваат законодавни измени“. Тој подвлече дека „законите се тука, Уставот е тука, треба да се имплементираат. Значи дела, а не

само зборови“. Се укажа на потребата од отворени умови кои можат да ги променат работите што се направени, не само да ги прават работите онака како што досега биле направени, изразувајќи верба дека Мрежа 23 и воспоставената соработка ќе придонесат во тој поглед. Уште еднаш, околу извештајот на Прибе, тој вели „премногу често, и речиси во склоп на фунцијата, групата беше соочена со ставот на префрлање одговорност, минималистичко толкување на мандатите на институциите и склоност да се сокријат зад надлежноста на други институции, како изговор да не се постапува, наместо промоција на култура на владеење на правото за проактивно преземање одговорност и придонес во надминување на сегашната кризна состојба и поништување на трендот за враќање назад“.

*...Ви посакувам добро, бидејќи имате отворени умови, ви посакувам добро, бидејќи работите многу, ви посакувам добро, бидејќи работите заедно. Работете на основното и фундаменталното, работете на тоа умовите да се променат и заокружете го кругот...*

Г. Лидл нагласи дека транспарентноста е битна, особено во носењето одлуки, како и транспарентноста во мислењето и во дејствувањето. Политичарите и јавните службеници ја губат довербата и поради тоа довербата во политиките и во институциите треба повторно да се изгради, вклучително и враќањето на довербата во граѓанското општество. Во тој контекст, г. Лидл говореше дека „Европа е во многу тежок период, Европската Унија се соочува со многу тешки времиња. Ајде да се обидеме да ги направиме работите подобри. Верувам дека ова што вие го правите ќе го помогне процесот и продолжете да бидете активни и понатаму. Јас сум на крајот на мојот мандат во оваа држава и сум разочаран. Мојата задача беше да работам на проширување на ЕУ, но тоа сè уште не се оствари. Се надевам дека мојот наследник ќе постигне успех и тој процес ќе биде подобар”.

***Г. Питер Верхејен***, во име на ***Амбасадата на Кралството Холандија***, изрази поддршка за Македонија и нејзините аспирации за членство во ЕУ. Тој подвлече дека земјите-членки на тоа семејство треба да имаат споделени принципи и вредности. Меѓу овие принципи, особено се истакнува владеењето на правото, преведено во независно и во непристрасно функционирање на судството, борба против корупцијата и целосно почитување на темелните права. Поради тоа, Холандија има таканаречен рестриктивен, но фер пристап кон земјите со перспектива во ЕУ. Тоа значи дека овие принципи треба да бидат усвоени и почитувани безрезервно и од земјите-кандидатки.

*...функционирањето на судството, борбата против корупцијата и почитувањето на темелните права, не се само формално-правни барања, туку се здрави столбови на демократско општество. Тие се основни предуслови за слободен, нормален и исполнет живот на секој поединец во одредено општество...*

Честопати европското законодавство влегува преку еден бирократски процес преку штиклирање на коцкичките, без реална имплементација. Г. Верхејен додаде дека оттаму не е битно само обезбедување правна рамка со цел да се задоволат далечните бирократски барања на ЕУ, туку реалните реформски процеси. Тој додаде дека организираното граѓанско општество водено од и свесно за суштината на овие принципи, е најдобар начин тоа да се направи. Барањата можат да дојдат однадвор, одгоре, но притисокот за нивно

исполнување е секогаш најефективен кога доаѓа одвнатре. Оттаму, Мрежа 23 навистина е група на граѓански организации што тоа го имаат прифатено како своја мисија и внатрешниот мотор што ќе ја донесе Македонија поблиску до Европската Унија.

> *...развиените методолошки алатки во рамки на проектот ќе се поттикне аргументирана јавна дебата меѓу креаторите на јавните политики и засегнатите чинители, како претставниците на граѓанскиот сектор, тинк-тенк организациите и, секако, граѓаните, а со тоа придонес кон унапредување на демократскиот процес во државата...*

***Д-р Наталија Шикова***, од ***Центарот за управување со промени***, нагласи дека следењето и проценката на политиките е особено значајно, бидејќи придонесува кон создавање политики кои се базираат на аргументирани факти и цврсти докази. Таа нагласи дека „тоа треба да биде дел од секоја политика, особено од политиките кои се однесуваат на фундаментални општествени процеси поврзани со темелните права. Процесот на креирање политики треба да има цикличен карактер, а секоја политика треба да биде предмет на континуирано подобрување“. Методологијата за следење и за евалуација на јавните политики од Поглавјето 23 е наменета за граѓанскиот сектор, за советниците, аналитичарите на јавните политики и за тинк-тенк организациите, како и за креаторите и носителите на јавните политики вработени во институциите, како и за пошироката јавност и граѓаните кои се засегнати, директно или индиректно од одредени политики. Преку ова, се има цел да се придонесе кон подобрување на квалитетот на јавните политики и основа за преземање соодветни и навремени мерки за нивна корекција. Меѓу другото, на овој начин се цели кон воспоставување култура за следење и за евалуација на јавните политики во областа на правосудството и на темелните права, како и за обезбедување транспарентност при нивното креирање и спроведување.

## *Панел II – Регионални искуства во спроведувањето на јавните политики од Поглавјето 23 – правосудство и темелни права*

> *...треба да се чува прстот врз општествените дух и визија, со цел нивно пренесување во препораките за иднината на земјата. Затоа, ви посакувам да се одржи оваа мрежа, да се одржи нејзината суштина, одржливоста, знаењето и влијанието врз процесите...*

***Г-ѓа Јулиана Николова***, претставничка од ***Фондација Европски институт – Софија***, нагласи дека спроведувањето на Поглавјето 23 во Бугарија сè уште не е завршено, бидејќи станува збор за континуиран процес. Од аспект на вмрежување помеѓу граѓанските организации, г-ѓа Николова нагласи дека „невладините организации, особено организирани во мрежа, не се само партнери меѓу себе, туку воедно се партнер на Европската комисија и на државите-членки на ЕУ, партнер на националните институции и партнер на Парламентот“. Таа ја потенцираше потребата од силна поддршка на мрежата, бидејќи станува збор за обединување на висок степен на релевантна експертиза. Од тој аспект, зачувувањето на релевантноста и на објективноста, како што порачаа соработниците од Бугарија, мора да се обезбеди преку независноста од

политичките партиите. Мрежата треба да бидете одговорна, бидејќи голем дел од тоа што го застапуваат го засноваат врз принципот на општествена одговорност.

Во нејзиното излагање, г-ѓа Николова укажа дека мрежата ќе има огромна улога во подготовката на извештаите од Европската комисија и од земјите-членки, искористувајќи ги експертизата и препораките преку директно влијание врз носителите на одлуки на ниво на ЕУ и во земјата. Покрај потребата од критичен став кон Владата, треба да се подигне капацитетот за критичност и кон одлуките и препораките на Комисијата, бидејќи во согласност со бугарското искуство, некои препораки на Комисијата не беа најдобро решени за земјата.

***Г-ѓа Марина Шкрабало***, претставничка на ***ГОНГ/Платформа 112***, нагласи дека во процесот на проширување на земјите од Западен Балкан, Поглавјето 23 е една од најдобрите политички мерки од Директоратот за проширување на Европската комисија. Со спроведувањето на политиките од ова поглавје се постигнува нешто што е темелен принцип на демократско владеење, спротивно на пристапот на импровизација во хрватскиот случај, сегашната примена на Поглавјето 23 во процесот на преговори е делумно прецизирана.

Како што нагласи г-ѓа Шкрабало, првите ефекти на спроведувањето на Поглавјето биле забележано во летото 2009 година кога „колегите во министерствата почнаа да добиваат СМС пораки на нивните мобилни телефони и во еден момент престанавме да дишеме, бидејќи бевме информирани дека премиерот Санадер се појави на прес-конференција и поднесе оставка без да понуди ниту една причина за таа одлука“. Како што објасни г-ѓа Шкрабало, оставката на премиерот резултирала под голем притисок од земјите-членки на ЕУ и на партијата на власт поради директната имплицираност со коруптивна афера.

*...Санадер беше жив пример да видиме како работи, или не работи, системот на борба против корупцијата во земјата и дали овој случај може да биде процесиран во месецот јули 2009 година, кога под влијание во контекст на Поглавјето 23 се случија турбулентни промени во Владата без вистински промени во Владата...*

Од аспект на улогата на граѓанскиот сектор, во јули 2011 година граѓанските организации во Хрватска се вклучуваат во процесот на затворање (не на отворање) на Поглавјето 23 преку директно застапување пред Европската комисија, земјите-членки на ЕУ и хрватската Влада, јасно укажувајќи дека Хрватска не е подготвена да ги затвори преговорите во Поглавјето 23. Г-ѓа Шкрабало појасни дека „во тоа време, овој наш став беше доживеан како национално предавство, бидејќи хрватското општество се чувствуваше изневерено, жртва на ветото на Словенија, Хашкиот трибунал и на корумпираниот премиер и поради тоа заслужувавме да бидеме примени во Европската Унија, особено што мислевме дека сме подобри од нашите соседи, или соседите на нашите соседи“. Граѓанскиот сектор јавно го поставил прашањето дали реформите во областа на правосудството и на темелните права се неповратно издржливи, и дали можат да се вреднуваат и да се докажат. Сепак, Платформа 112 ценела дека реформите не се движат во посакуваните правци и тоа служело како основа за објава во првиот извештај во сенка во март 2011 година, кој се базирал на откриени одредници кои биле претходно недостапни за хрватската јавност. Во продолжение, г-ѓа Шкрабало препорачала дека мора да се притисне Европската комисија и институциите на Европската Унија да бидат конзистентни во објавувањето на сите документи поврзани со

процесот на пристапување, навремено и лесно обработливи за пошироката јавност. Објавувањето не треба да зависи од форматот на процесот, на пример, дали станува збор за пристапен дијалог на високо ниво за прашањата на етничките заедници, или е прашање поврзано со реформата на правосудството и мора да бидат конзистентни доколку посакуваат граѓанските организации да ги имаат како сојузници во процесот и да се обезбеди дека реформските процеси не завршуваат како вежба на штиклирање коцкички во некој акциски план.

*...идејата на Платформа 112, слично на Мрежа 23, е за владеење на правото кое ќе ги вклучува граѓанските организации и институции како вистинска вредност која треба да биде надворешно испорачана, кон јавноста...*

Хрватското искуство укажува дека јули 2011 година и јули 2013 година се исклучително важни во воспоставување на интерните механизми за следење и за застапување на сѐ она што било постигнато. Во тие моменти, бил искористен моментот со Поглавјето 23 кој прераснал во сеопфатна агенда за следење на Владата. Барањата на Платформа 112 биле поставени во 5 области кои се однесуваат на демократското владеење, владеење на правото, темелните права. Три години подоцна, во согласност со извештајот на Владата, само 16% од барањата биле исполнети, но кога ќе се анализира, тие барања биле блиску до домашната задача која не беше завршена за време на пристапните договори.

Според г-ѓа Шкрабало, овој јули 2015 година служи како доказ дека Поглавјето 23 никогаш не заминува и скоро хрватската јавност ја очекува одлуката на Уставниот суд на Република Хрватска, кој може да го ослободи или да ја потврди одлуката на судот за пресудата на господинот Санадер. Таа одлука ќе биде многу важна, бидејќи, од една страна, ќе индицира дали Уставниот суд е политички независен и, од друга страна, дали правосудството е доволно реформирано да се справи со такви големи случаи.

***Г-ѓа Милена Лазаревиќ од Центар за европска политика (ЦЕП) – Белград***, пред присутните потсети дека Србија ги отвори преговорите за пристапување пред година и половина, но, за жал, досега не се отворени преговорите за ниту едно поглавје. Во меѓувреме, скрининг процесот за Поглавје 23 е финализиран и сите билатерални и аналитички скрининзи се комплетирани и се објавени. Г-ѓа Лазаревиќ цени дека Европската комисија во меѓувреме има научено од примерот на Хрватска во пристапот на отворање на севкупната документација која произлегува од процесот на преговори.

Во создавањето на акцискиот план за отворањето на Поглавјето 23, кој воедно е услов за отворање на преговорите за пристапување, граѓанските организации биле поканети да го дадат својот придонес преку препораки и предлози. Сепак, ова претставува уникатен пример во Србија, бидејќи во други случаи, дали поради недостиг на знаење, капацитет или временско ограничување, вообичаено, прегледот на коментарите и на забелешките од граѓанските организации не се објавени во јавноста. Ова е единствен пример каде што сите граѓански организации кои имале поднесено предлози, имаа можност да видат на кој начин нивните коментари се рефлектирани во акцискиот план за Поглавјето 23. Истовремено, група на граѓански организации во Србија, предводени од Европското движење, креираа платформа од граѓански организации за следење на процесот на пристапување, т.н. Национална конвенција

за Европска Унија, базирана врз примерот на Словачка. Овој механизам моментално го сочинуваат преку 300 граѓански организации, организирани во 17 тематски работни групи. Сите од нив се фокусирани на специфични поглавја, но постои и можноста за учество во работата на повеќе работни групи. Со тоа, сите 35 поглавја за кои се преговара се застапени во Националната конвенција.

*...првиот проблем е тоа што претставниците од Владата кои секогаш се појавуваат во суштина доаѓаат само да одржат говор и потоа го напуштаат настанот. До моментот кога граѓанските организации отпочнуваат со суштинска расправа и ги упатуваат своите препораки, нема никој кој да ги чуе организациите...*

Начинот на работа на работните групи е преку пленарни сесии од 2 до 3 пати во годината и одржување неколку сесии на работните групи за посебните поглавја. Одговорноста за работата на работната група ја сноси организацијата која претседава и има должност да ја координира работната група, да предизвика внимание за вклучување на другите заинтересирани страни да учествуваат и да дадат придонес. Сепак, пленарните сесии на Националната конвенција се соочени со два клучни проблеми. Според г-ѓа Лазаревиќ, првиот проблем е искористувањето на настаните од страна на владините претставници, додека вториот голем проблем е слабата медиумска посетеност. Овие два проблеми ја намалуваат релевантноста на механизмот, но сепак, се добар модел за организирање поголем број граѓански организации.

***Г-ѓа Дина Бајрампашиќ од Институт Алтернатива – Подгорица***, информираше дека во Црна Гора сите клучни документи се достапни, како и преговарачките позиции на земјата за сите поглавја, извештаите за скрининг и извештаите за спроведување на акциските планови за Поглавјето 23. Таа укажа на тоа дека самиот процес прераснува во експертски и во технички и е многу тежок за следење и од високо специјализирани граѓански организации. Од една страна, постојат многу мерки (акциски план за Поглавје 23 од 300 страници кој содржи преку 400 мерки), а, од друга страна, недоволно информации за нивото на спроведување, додека, од трета страна, Европската комисија континуирано ангажира свои експертски тимови кои често се во колизија со реалноста, особено кога станува збор за изработка на нови бројни законски решенија, планови, итн.

*...нашите позиции како граѓански сектор, медиумски се проследени преку соопштенија за јавноста околу тоа што цениме дека е важно и како можеме да го решиме...*

Во Црна Гора, како и во Србија, постои платформа за следење на Поглавјето 23 врз словачкиот модел на Национална конвенција. Според г-ѓа Бајрампашиќ, Црна Гора е првата земја која дозволила учество на граѓанскиот сектор во преговарачките структури. Учеството се реализира во сите фази, почнувајќи од подготвителната фаза, било да се работи за подготовка на акциски план, стратегија, закон, подзаконски акт итн., потоа на јавна расправа која е помеѓу владина и собраниска постапка, и на крај во работата на Собранието, односно во надлежната комисија. Таа истакна дека „имајќи предвид дека најголем дел од членовите на Мрежа 23 се тинк-тенк организации, би сакала да нагласам дека работата со работните групи е доста продуктивна, бидејќи и во случај да не ги прифатат вашите

коментари, се обезбедува континуитет и следење на работата на владините институции“. Црна Гора имаше проблем со недостигот на соработка со Владата пред добивање на статусот на земја-кандидат, но Европската комисија ја услови Владата во добивањето статус земја-кандидат со унапредувањето на комуникацијата и на соработката со граѓанскиот сектор (еден од 7 приоритети за добивање кандидатски статус), со што ситуацијата денес е значајно променета.

Регионални искуства релевантни за Република Македонија

- Поглавјето 23 – правосудство и темелни права прво се отвора и последно се затвора во процесот на преговори за членство во ЕУ. Напредокот во поглавјето е пропорционален со напредокот во сите други поглавја. И по пристапувањето во ЕУ, како што укажуваат примерите од Бугарија и од Хрватска, Поглавјето 23 останува да биде релевантно, особено во контекст на исполнувањето на преземените обврски на земјата кон ЕУ;
- Условувањето на земјите-кандидатки за интензивирање на соработката со граѓанскиот сектор во процесот на преговори за членство ги дава првите резултати во регионот;
- Иако постојат разработени платформи за следење и за евалуација на јавните политики од Поглавјето 23, сепак, работата на граѓанскиот сектор се ограничува на волјата на политичките елити, затвореноста на администрацијата, недостигот на финансиски средства за поддршка на работата на граѓанските организации, кратките временски рокови за поширока и за поинклузивна дебата во општеството;
- Улогата на граѓанскиот сектор е најсилна и најнагласена за време на процесот на пристапување поради притисокот на Европската комисија врз националните власти;
- Сите заинтересирани страни, Владата, Европската комисија, Делегацијата на Европската Унија и граѓанските организации имаат обврска да се однесуваат транспарентно и да ги објавуваат сите документи и материјали кои имаат директна врска со спроведувањето на политиките од Поглавјето 23 и со тоа севкупниот процес на преговарање за членство;
- Објавување независни и објективни извештаи во сенка за напредокот кој земјата го остварува во реализацијата на политиките од Поглавјето 23;
- Градење соработка со медиумите и со Собранието со цел обезбедување подиректен контакт со граѓаните.

## Панел III – Правосудство

***Д-р Наташа Габер-Дамјановска, судија на Уставниот суд на Република Македонија***, како воведничар во панелот посветен на правосудството, оваа проблематика ја дефинираше како „принципи кои треба да бидат почитувани и применувани во правосудството, а се во складност со Поглавјето 23. Се разбира, сето тоа Република Македонија треба да го исполни во генералните рамки во пристапниот процес кон Европската Унија“. Д-р Габер-Дамјановска повторно истакна дека тоа е процес што никогаш не завршува, но енергијата треба да се сконцентрира на генерално задоволување на принципите кои се бараат од Република Македонија.

Корективните предлози од анализата, ги групира на неколку категории: едните се оние кои низ изминатите години честопати биле споменувани како проблеми, кои бараат свое системско, ефикасно решавање; понатаму, одредени прашања произлегуваат при самата

> *...заеднички артикулираните ставови треба да се комуницираат ефикасно и транспарентно со извршната власт, со цел да се извршат конструктивни промени во креирањето на политиките во складност со acquis. Препорачува дека дури и во случај одредени предлози за законски и за политички промени да не бидат прифатени од страна на власта, тоа не значи дека не треба да се води исцрпна, аргументирана и сеопфатна дискусија за нив...*

имплементација на домашните законодавни решенија, кои и покрај тоа што се добро систематизирани и добро организирани закони, сепак, не го произведуваат очекуваниот исход; и, трето, се јавуваат некои нови системски решенија кои имаат дискутабилна уставна поставеност. Во однос на првата категорија, го споменува Законот за верски заедници и религиозни групи, чијашто втора верзија е актуелна и е во важност, но била под критика на Венецијанската комисија и продуцира проблеми во својата практична примена. Оттука, одредени прашања и понатаму остануваат отворени, и потребно е да се испита дали се во складност со меѓународното право и со конвенциите, но и како домашната легислатива може да произведе одговор за проблемите од секојдневната примена. За втората категорија, д-р Габер-Дамјановска потсетува на оценките за правосудството од извештаите на Европската Унија за напредокот на нашата држава, кои правосудството го категоризираат како една од послабите алки во проценката на нашиот систем. Понатаму, изборниот кодекс којшто постојано е подложен на измени, но воедно постојано се јавуваат нови проблеми кои повторно резултираат со понатамошни промени. Габер отвори дилема дали е тоа прашање на норматива или, пак, е прашање на актерите коишто се инволвирани во изборниот процес кои доследно не ги применуваат или не ги почитуваат правата или наоѓаат други начини за нив да ги заобиколат. Во однос на третата категорија, посочи на Советот за утврдување факти, тело коешто е утврдено со новиот закон и има ингеренции на друго тело коешто е, пак, со Устав востановено. Но, таа не сакаше да изнесува констатации, бидејќи пред Уставниот суд е веќе оформен предмет по ова прашање.

Габер констатираше дека ваквата идентификација на проблемите претставува вредна алатка, која во крајна линија може да ја зголеми ефикасноста и одговорноста на секоја власт која претендира да биде демократска и која мора да остане отворена кон ваквите размислувања. Појасни дека активните граѓански организации се израз на народната волја за партиципативност во процесот на донесување одлуки.

***Г-ѓа Уранија Пировска, извршна директорка на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија***, се осврна директно на препораките од нацрт-анализата за областите од Поглавјето 23. Тргнувајќи од констатацијата дека не се почитува принципот на поделба на власта, односно не постои независност на судството, првата препорака се однесува на почитувањето на принципот на поделбата на власта и владеењето на правото. Во тој контекст, „од аспект на независноста, функционирањето на Судскиот совет го сметаме за еден од најбитните механизми кога станува збор за професионалноста и за чесноста во одлучувањето, па нормално дека и во тој дел нашата препорака се однесува на зајакнување на неговата независност, но поконкретно се задржуваме со препорака членовите на овој совет да бидат избрани од самите судии и да имаат можност да продолжат со извршувањето на судската функција, со цел да не го изгубат непосредниот контакт со судството“.

*...за Советот за утврдување факти „потребен е итен мораториум на постапката за избор на членови на Советот“. Препораките од анализата се однесуваат и на ефективна одговорност на членовите на Судскиот совет на Република Македонија, во делот за обезбедување суштинска транспарентност во работењето на овој совет, како и обезбедување независен и ефикасен правен лек за незадоволните кандидати во постапката за избор, за дисциплинска одговорност и во постапката за разрешување судии...*

Една од препораките се однесува и на тоа да се почитува правото на судење во разумен рок што претставува голем проблем во правосудниот систем на Република Македонија. Понатаму, врз основа на анализа изготвена од Хелсиншкиот комитет во текот на 2014 година, којашто покажа дека граѓаните во голем дел немаат сознанија за тоа кои се нивните права на заштита, следната препорака се однесува токму на тој план, односно спроведување активности за информирање на граѓаните за нивните права и механизмите за заштита, со цел постепено да се врати довербата на граѓаните во институциите. Пировска особено го нагласи значењето на јавно-обвинителската фунција, како дел од правосудниот систем „она што претставува мошне горливо прашање, особено во последниов период, е, секако, улогата на јавниот обвинител кој поради политичката криза во која се наоѓаме, во голем дел го има изгубено својот кредибилитет, но и довербата на граѓаните“. Препораката се однесува во таа насока, односно избор на нов и независен јавен обвинител на Република Македонија, што би претставувало клучен фактор во борбата против корупцијата, враќањето на независноста на оваа институција и, секако, враќање на довербата кај граѓаните. Презентирајќи ги наодите од анализата, се осврна на работата на Управниот Суд, кој многу ретко, речиси никогаш не одлучува мериторно, па поради тоа се одолговлекуваат постапките, а станува збор за права на граѓаните, од економско-социјална природа. Препораката е во тој контекст.

Во однос на Академијата за судии и јавни обвинители, сугерираше на промена на критериумите, со цел „пријавувањето во Академијата да биде подостапно и попривлечно за идните кандидати“, но ја истакна и потребата од зголемување на средствата предвидени за Академијата. Но не се само средствата за Академијата во прашање, туку „генерално, упатуваме препорака да се зголеми судскиот буџет со распределување на соодветни ресурси кои не

смеат да бидат под 0,5 проценти“. За крај, апелираше „на зголемување на бројот на судии коишто би постапувале во областа на дискриминацијата“.

Панелот продолжи со презентирање на наодите од грантистите, чиишто проекти и добиени анализи се однесуваат токму на правосудството.

***Г-ѓа Вера Коцо, претставник на Институтот за човекови права (проект Независен Судски совет - стремежи и предизвици)***, истакна дека при изготвување на анализата, наишле на тешкотии во обезбедувањето информации од јавен карактер, односно одлуки на Врховниот Суд, како и неодговарањето прашалници од страна на членовите на Судскиот совет.

*...Институтот се придржува кон тоа да се стопира постапката за избор на членови на Советот за утврдување факти, а воедно да се предвиди ефективна одговорност за членовите на двата совети, суштинска транспарентност во нивното работење и депрофесионализација на членовите на Судскиот совет...*

Повторно се укажа на неуставноста на Законот за Совет за утврдување факти, како и на постапката за носењето на овој закон и законите за изменување и за дополнување на Законот за Судски совет, кои „беа донесени во скратена постапка, без јавна расправа со бројни недостатоци, без вклучување на експертската јавност и можете да замислите што произлезе од овие закони“. Невозможно е еден закон да предвиди донесување друг закон. Во согласност со резултатите од анкетата на јавното мислење, многу е висок процентот на недоверба во професионалното работење на Судскиот совет кај анкетираните граѓани (47%). Коцо укажа и на „неаргументираните одлуки на Судскиот совет кои содржат суштествено правни и процедурално правни недостатоци, па може да се заклучи дека станува збор за селективен пристап во работењето“.

Се препорачува да се обезбеди ефикасен правен лек во постапките кои се водат пред Судскиот совет, преку право на поведување управен спор. Се согласува со воведувањето уставна тужба, но само поради повреда на правото на фер постапување. Особено ја истакна потребата од спроведување медиумска кампања заради зголемување на свеста кај граѓаните за значењето и за надлежностите на Судскиот совет и евентуално новоформираниот Совет за утврдување факти. За крај, апелираше да се направат достапни релевантните информации и одлуки, преку редовно ажурирање на веб-страниците.

*...обвинителите наместо да чекаат пред судницата и да влезат заедно со сите други, тие влегуваат пет минути порано, како во својата канцеларија...*

***Д-р Мирјана Ивановска Бојаџиевска од Коалицијата „Сите за правично судење“ (проект: Мониторинг на имплементацијата на меѓународните стандарди за правично судење)***, најнапред укажа дека времетраењето на проектот од 6 месеци е многу краток временски период, па „за скоро ниеден предмет немавме среќа да го разгледуваме од почеток до крај и да се види колку се имплементираат меѓународните стандарди во текот на целата постапка“.

Една од најголемите забелешки се однесува на користењето на правото на бесплатна правна помош и улогата на бранителот. Според д-р Бојаџиевска, „најчесто се преферира да се одреди бранител кој на самиот ден на судењето доаѓа и во непосреден контакт прашува: „Кој е тој? Јас сум ти бранител“. Таа се сомнева дека на ваков начин е запазено правото на одбрана, бидејќи „тој сам бранител не знае за што е дојден, а најчесто на самото судење му се доставува примерок од обвинението и тој создава одбрана“. Покрај одбраната, особено проблематична е и улогата на јавниот обвинител. Таа смета дека не постои рамноправност меѓу странките, иако законот е дециден, и притоа обвинителите ја изгубиле својата функција. Истакнува еден секојдневен момент од судските ходници, кој открива многу во тој контекст. Тоа многу влијае на самата перцепција за правичноста на судењето.

Во согласност со наодите, во 15 случаи странките не биле запознаени со правото на бесплатна правна помош, а во 4 случаи одбраната се пожалила дека нема пристап до доказите коишто одат на нивна штета. Таа нагласи дека овие бројки навидум се многу мали, но ако се земат процентуално, 4 случаи од 45 предмети се речиси 10% и тоа е алармантно.

***Г. Ѓорги Тасев од Здружението „НОВУС“ (проект: Независноста и објективноста на правосудството во општина Струмица во согласност со Поглавје 23 - втемелени постулати или предизвик за реформи)***, пред да се осврне на наодите од истражувањето, истакна дека и во нивниот случај имале проблем со обезбедување податоци, поконкретно, добивање одговор на прашалниците доставени до судиите од општина Струмица.

Од анализирањето за независноста и за објективноста на правосудните органи во општина Струмица има причини за загриженост во поглед на независноста и транспарентноста на правосудниот систем во Република Македонија. Перцепцијата кај граѓаните е дека политиката има влијание врз независноста на правосудните органи, а дури 50% од испитаните граѓани не се запознаени со работата на судот. Покрај политичкото влијание, присутно е влијание од бизнис елитата и од влијателните општествени личности. Податоци за перцепцијата на судиите не биле обезбедени поради горе споменатиот проблем, што според Тасев „покажува колку судиите самите сметаат дека се „независни“ и „објективни“. Понатаму, судиите се повнимателни при одлучувањето кога станува збор за судски процеси во кои директно се засегнати политички функционери и моќници поради притисокот од јавноста и будното следење на самите процеси. Тука се потенцира дека средствата кои се издвојуваат за работата на судот се мали и предизвикуваат импликации врз независноста на самиот суд. Роковите за објавување и за донесување на пресудите од страна на Основен суд Струмица се почитуваат, а, исто така, тие во позначителен дел се законити и се правилни.

*Академијата да формира одделенија на подрачјата на апелациските судови во внатрешноста на државата, со што би се скратиле непотребните трошоци, а би се зголемил интересот кај правниците да се запишуваат на Академијата.*

Се препорачува судот доследно да ги применува и европските и тематските определби за независно судство, како и гаранцијата за човековите права наведени и загарантирани во меѓународните договори. Акцент треба да се стави на независната положба на судијата. Се додава дека „судиите сами треба да се изборат за местото кое им припаѓа во согласност со

улогата во Уставот и со позитивните законски прописи“. Покрај зголемување на средствата, опција е и наплата од паричните казни и паушалот кои ги покриваат дупките и недостатоците во финансиското функционирање во работата на судот. На крајот, се осврна на Академијата за судии и јавни обвинители.

***Г. Зоран Јанкуловски, претставник на Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (проект: Утврдувањето на изворите на средства за финансирање на судската власт, висината на обезбедените средства и нивното влијание врз независноста на судската власт)***, генерално, констатира дека одобрените средства на судовите не ги задоволуваат потребите за нивно нормално функционирање, што доведува до нарушување на репутацијата на судската власт. Во сиот анализиран период, судовите искажуваат неподмирени обврски и нарушена е солвентноста на некои од судовите. Карактеристичен е случајот на еден од анализираните судови кој достави податок дека во одредени случаи подмирувањето на обврските го врши со задоцнување од 398 дена, па дури присутна е појава на блокирање на трансакциската сметка на некои од судовите поради нередовно подмирени обврски. Во структурата на расходите, доминантно место заземаат платите, потоа стоките и услугите, а занемарувачко или незабележително е учеството на капиталните расходи, а во делот на структурата на неподмирените обврски, доминантно место заземаат договорните услуги и комуналните услуги. Јанкуловски се осврнува на неподмирените обврски за лекување притворени лица и обврски за ангажирани бранители по службена должност (адвокат), при што тие видови расходи учествуваат со приближно од 5,46% до 34,85% во одделни судови, што според него „може да има или има влијание врз правата на одредени лица без разлика на која институција во иднина ќе ѝ припаѓаат тие надлежности“.

*За задоволување на моментните потреби на судската власт во овој момент, идеален судски буџет би бил тој што ќе изнесува не помалку од 0,5% од буџетот на Република Македонија.*

Покрај утврдените состојби, тој ќе се задржи и на препораките за надминување на овие состојби. За задоволување на моментните потреби на судската власт во овој момент, идеален судски буџет би бил тој што ќе изнесува не помалку од 0,5% од буџетот на Република Македонија. Меѓутоа, за трајно непречено финансирање на тековните активности, достасаните обврски и на инвестициските потреби на судовите, потребно е реализирање на републички судски буџет во законски утврдената големина од најмалку 0,8% од БДП на земјата. Притоа, препорачливо е да се зголеми делот од средствата кој ќе се користи за финансирање инвестициски активности во судовите. Потребно е да се врши усогласување на буџетските барања на судовите - буџетски единки на ниво на апелациско подрачје и да се унапреди постојниот модел за пресметка на цена на чинење судски предмет. Јанкуловски на крајот констатираше дека „треба да се засили системот на внатрешна контрола во судовите, односно потребен е транспарентен и отчетен систем на контрола што конечно би довел до рационално, економично и до ефикасно користење на расположливите средства“.

***Д-р Слаѓана Тасева од Transparency International - Macedonia***, се осврна на борбата против корупцијата, како една од областите на Поглавјето 23. Нејзиното искуство покажало дека стандардите за усогласување на мерките за борба против корупцијата со европското acquis, се содржани во конвенции, препораки и одлуки од Европската комисија. Голем дел од тие стандарди се однесуваат и на правосудството и на човековите права, а се поврзани со

корупцијата. Во стандардите за Поглавјето 23 влегуваат препораките и конвенциите на Советот на Европа за борба против корупцијата, за финансирањето на политичките партии, за независното судство, исто така, можноста за следење на финансиските трансакции или поврат на нелегално стекнатите имоти, се разбира преку правосудните институции. Таа се осврна и на извештајот на Прибе, каде што иако корупцијата не беше предмет на анализа, сепак, се провлекува низ целиот извештај. Според д-р Тасева „ќе биде многу интересно, но и многу значајно ако овие наоди коишто ние ги слушнавме од овие анализи денеска, ги споредиме со официјалните извештаи на официјалните институции од државава кога пишуваат одговори во однос на усогласеноста на Република Македонија со стандардите за пристап кон ЕУ“. Поради тоа, смета дека платформата МЕРЦ е од особено значење за тој процес.

Таа ја потврди улогата на граѓанскиот сектор, како куче чувар, односно коректор на однесувањето на институциите, но за тоа да се оствари, многу е битна транспарентноста на институциите, а во нашиот случај „ние официјално и не знаеме која е контакт точка за мерките за борба против корупција, иако постои одлука на Европската комисија дека државите треба да определат такви контакт точки и дека тие треба да работат транспарентно“. Бидејќи сите овие мерки се испреплетени, неопходно е заеднички и координирано да се следат и од страна на невладиниот сектор, во согласност со искуствата изнесени од колегите од Црна Гора и од Србија.

Тасева се осврна на работата на Transparency International, коишто моментално изготвуваат една анализа на систем на институционален интегритет, по примерот на земјите од Европската Унија. Голем дел од нивните согледувања се совпаѓаат со она што е изнесено во рамките на анализите на грантистите и нацрт-анализата, така што изрази надеж дека тие согледувања можат да се референцираат во нивната анализа, потенцирајќи дека „треба сите да ги обединиме за пораката да биде посилна дека граѓанскиот сектор може квалитетно да се вклучи во овие процеси на евроинтеграции и може да даде придонес во градењето на државните политики и да помогне во дизајнирањето вистински усогласени мерки за имплементација“.

*...корупцијата е хоризонтално прашање или проблем којшто се протега низ сите области, не само во Поглавјата 23 и 24, туку и во многу други, дури и во приватниот сектор, авторските права, каде и да сакате да погледнете го гледаме ние проблемот со корупцијата како присутен...*

***Д-р Милка Ристова, пензиониран судија на Врховниот Суд на Република Македонија,*** истакна дека негативните согледувања за правосудството ги допираат носителите на судската и јавно-обвинителската функција, бидејќи еден голем дел од кадрите, коишто целокупната нивна кариера ја имаат поминато во овие институции, чесно и совесно ја вршат својата функција. Таа смета дека „ваквите негативни оценки за судството најчесто се темелат на мал број на случаи коишто се експонирани во јавноста, а оној дел на голем број судски случаи каде што се споделува правда во приватната сфера на граѓаните, каде судиите постапуваат и совесно и законито, обично не се споменува“. Таа изрази загриженост и за перцепцијата на граѓаните и препорача да се посвети сериозно внимание на „тие укажувања на граѓаните во чие име ги носиме одлуките сериозно да бидат сфатени и овие вакви форуми се пригода да укажеме во иднина што треба да направиме да ја поправиме таа оценка“.

Таа поконкретно се задржа на три прашања. Во однос на изборот на судии, истакна дека централно прашање е кадровската политика, односно човечкиот фактор, неговиот стручен капацитет и неговиот човечки интегритет, можноста да се одберат луѓе коишто навистина ќе одговорат на многу сложената задача. По нејзино мислење, Академијата за судии и јавни обвинители е најдобриот начин за избор на судии, но се согласи со изречената оценка дека критериумите за прием во академијата се строги и ригидни и оневозможуваат пристап на широк круг правници, во услови кога нема можност за поднесување правен лек против одлуките на Академијата. Ристова смета дека можеби тоа е неправедно кон една бројка на стручни соработници коишто се обучени во рамките на практичната работа во судовите, но може да се овозможи пристап и на тој вид кадри преку некоја скратена програма во академијата. Понатаму, таа го отвори прашањето за унапредувањето на судиите, од аспект на законската рамка којашто е за тоа предвидена. Четири години не можат да дадат претстава дали еден судија е добар или не. Додава дека „порано немаше таква рамка, па ние за еден мандат од осум години не се осмелувавме да помислиме дека ќе одиме во повисок суд“. Законски одредените критериуми за стаж се прекратки за да се изгради претстава за добар судија, а уште помалку околината да го перципира за судија кој ќе дава насоки на пониските судови и да биде нивен коректив.

...иако денес најмногу се зборува за почитување на принципот на кариера и кога во закон предвидовме некои такви услови, мислам дека најмалку тој принцип придонесува во повисоките судови да се одберат најквалитетните и најработливите кадри...

Ристова се осврна и на одговорноста, при што во согласност со сегашните законски одредби се предвидени 15 членови на Судскиот совет и 9 членови на Советот за утврдување факти, значи вкупно 24. Според тоа, „24 луѓе да се занимаваат со некаков процес на одговорност на судиите како да излегува самите да се сомневаме во квалитетот на кадрите коишто ги избираме“. Судиите тоа го доживуваат како притисок и заради тоа одбиваат да разговараат за тоа прашање, сметајќи дека ако понудат зрели аргументи и критички осврт, работното место ќе им биде доведено во прашање. Сосема на крај, во однос на жалбената постапка, таа смета дека првостепената одлука за одговорност на судијата треба да ја носи Судскиот совет кој единствено е овластен за тоа според сегашните уставни решенија, а во однос на жалбената постапка за да се почитува двостепеност, што значи дека таа постапка треба ја спроведува орган врз кој Судскиот совет нема надлежност. Тоа не би можел да биде Врховниот суд, бидејќи Судскиот совет има надлежност и над Врховниот суд. Така, таа повеќе го поддржува сфаќањето дека Уставниот суд може да биде таа инстанца што ќе ги испитува одлуките на судскиот совет донесени во прв степен во врска со одговорноста на судиите.

***Д-р Гордан Калајџиев, професор и претседател на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија***, смета дека граѓанскиот сектор има огромна улога, но не може да надомести нешто што е пропуштено во државните органи и во некои правни кругови врзани со Поглавјето 23. Истакна дека дури недостасуваат и вистински научни проекти коишто ќе се занимаваат со овие прашања, при што самиот Правен факултет не нуди таква програма. Тој се сомнева дали овие алатки кои моментално се користат се соодветни, бидејќи тие служат за унапредување на некоја ситуација и некои состојби коишто веќе се совладани. Според проф. Калајџиев, „во Македонија имаме два базични проблеми: прво тие

претпоставени совладани работи не се ни совладани, и ние сега ставаме тули во кула којашто ни е во жив песок и нема здрави основи, па дури и области во коишто се влегува со многу труд, на пример, реформите во судството, и сите овие напори за независно судство не вродуваат со резултати“. Тој се согласува со мислењето на судијата Ристова дека недовербата на граѓаните всушност произлегува од мал број случаи и препорачува дека „би било добро да се споредат резултатите од овие општи состојби на доверба на јавноста врз судството, градени врз основа на медиумски експонирани случаи, и проблеми vis a vis со оние што граѓаните ги имаат во сопствените случаи или оние што ги знаат од нивните комшии, роднини и пријатели кога тие имале искуство со судството и со полицијата.

Вториот проблем се однесува на самиот капацитет на нашата држава, односно „тој капацитет што ние го имаме е помал од другите држави, можеби слично со Црна Гора, но сигурно е помал од многу други европски држави, вклучително и државите од поранешна Југославија, а ако се споредиме со Словенија, Хрватска, па дури и со Србија, имаме помалку стручни капацитети и во граѓанскиот сектор, капацитети коишто не ги користиме доволно“. Тој истакна дека голем дел од сегашните процеси се туркаат само како резултат на трудот и на ентузијазмот, вложени во некои од изминатите години. Според неговото мислење, главните актери во оваа област: судиите, обвинителите и полицијата имаат забрана да дискутираат за состојбите во нивната професија, којашто почна со фамозната анализа на ОБСЕ за состојбите во судството“. За жал, состојбите во таа партиципација и користењето на тие кадри одат на полошо. Калајџиев препорачува правосудството и полицијата да се стават „под еден чадор“, со цел да се разбијат табуата во полицијата, бидејќи тие покриваат значаен дел од проблемите со човековите права, вклучително и огромен број закони. Во сегашната ситуација, секоја фела си влече на своја страна и сака законодавни решенија по своја мерка, односно „не само што не сме ги совладале тие почетни лекции за владеењето на правото и демократијата туку овие сиромашни кадри и ресурси што ги имаме не се користат за да се развива дискусија и да се туркаат тие работи, а да кажеме и дека во областа во којашто јас работам е комплетно закочена ситуацијата на реформата на правосудството“. Тој додава дека „ние немаме капацитет да се справиме со некои базични работи, а не па со растечки или со унапредувачки стандарди коишто се менуваат од ден на ден, со што и тука ситуацијата е блокирана и се појавува очигледниот јаз којшто го критикуваме помеѓу законодавството и практиката, истиот корен за лошите состојби во општеството“.

*... во тој контекст, правна разрешница на политичката криза можеби нема да има, но разрешување на политичката криза е прв чекор понатаму за „сите овие правни проблеми да ги унапредуваме и да надоместиме многу за овие години каде што наместо напредок, сме имале сериозно уназадување во многу полиња...*

Во своите завршни согледувања, Калајџиев констатираше дека постои „практична узурпација на државата, на државните институции и на демократските процеси од една политичка елита којашто е криминална и којашто додека не ја смениме од власт едноставно нема да отвори простор да се унапредуваат овие состојби“.

***Г. Борче Мирчески, претседател на Здружението на судска администрација***, сугерираше дека кога се зборува за реформите во правосудството, нормално е да се

помислува и да се работи на реформите кои се однесуваат на судиите и на судството во целина, но малку место се остава за реформите кои се однесуваат на вработените во судската администрација, а „за реформите да бидат успешни, мора да се води сметка и за другите вработени во судството, и за тоа како треба врз нив да влијаат овие реформи коишто се стремиме да ги спроведеме во судството“.

Тој се осврна на законската регулатива во однос на судската администрација. Според него, со Законот за судска служба донесен во 2008 година, а изменет во 2010 година, откако се покажала таква потреба по само една година спроведување, „се направени квалитетни чекори, позитивни во делот на реформирањето на судската администрација“. Но, особено загрижувачки е Законот за судска администрација од 2014 година „којшто е донесен во една нетранспарентна и скратена постапка, под изговор дека се носат измени на Законот за судска служба и дека тие измени ќе го опфатат само во мал дел Законот за судска служба“. За еден закон да биде квалитетен, неслучајно треба да биде ангажирана експертската јавност, да бидат консултирани оние на коишто се однесува тој закон и нормално во поново време и независните организации коишто не можат да бидат исклучени од една ваква активност. Токму спротивното, Законот бил донесен во рок од само 4 дена, и „ако вие не сте од фелата на судската служба, ако не сте го читале и ако по некоја случајност почнете да го читате од втората или од третата страна, вие никако не можете да знаете за која категорија на вработени се однесува овој Закон“. Законскиот текст содржи терминолошки неусогласености кои како такви поминале низ собраниските комисии што, пак, треба да бидат своевидни филтри. Со еден збор „тој Закон е направен само по пат на прекопирање“.

> *Дали по секоја цена треба да носиме закони, да покажеме пред европската јавност дека ние носиме реформи коишто потоа не ќе можеме да ги применуваме или, пак, треба да донесеме закон во една нормална постапка, во една постапка каде што ќе бидат вклучени сите релевантни фактори и каде што ќе донесеме закон што ќе значи квалитет?“*

Според Мирчески, „намерата на законодавецот да го донесе во рок од само 4 дена е или несериозност кон фелата на којашто се однесува овој Закон или, пак, желба да се протуркаат законски одредби без да се изработи некаква анализа и без да биде предмет на расправа на стручната јавност“. Тоа, пак, доведува до репресивни, демотивирачки и до дискриминаторски законски одредби, што бараат ретроактивно важење. Здружението на судска администрација има поднесено иницијатива пред Уставниот суд, но и по неколку месеци предметот сè уште не е оформен.

Во своите крајни согледувања, Мирчески се осврна и на Академијата за судии и јавни обвинители и сугерираше дека „со така поставените критериуми за избор на судии и јавни обвинители, се прави неправда на една цела генерација дипломирани правници“. Тие како Здружение имаа оформено предлог, наместо изборот на судии да оди стриктно само преку Академијата, односно да се „даде можност на стручноста, бидејќи не секој може да стане судија само со 15 месеци обука“.

На ваквите констатации се надоврза и ***г-ѓа Антоанета Димовска, активен судија и потпретседател на Здружението на судии***, која започна со зборовите „не знам како се

најдовме во оваа ситуација, од одење по една нагорна линија, наеднаш да се најдеме во фаза на слободен пад“. Таа се согласи со констатациите на Ристова и на Калајџиев дека всушност повеќето судии се чесни, при што „отсуствува анализа на нашите конзументи, граѓаните, кои имале пристап до судовите и си отишле задоволни и така треба и да бидат“. Оттаму, многу добри работи се анулираат со една лоша одлука, а свесни сме дека има и многу лоши одлуки. За Димовска, почетокот е граѓанинот. Во тој контекст „за да имаме добро право раздавање, треба да имаме стручни судии, ама, пред сè, судии со интегритет“. Таа смета дека стручноста и знаењето можат да се стекнат, но интегритетот е неопходен.

*...мислењето на судиите не се зема предвид, дури и кога тие се формално повикани да учествуваат во работни групи и собраниски комисии...*

Во продолжение, г-ѓа Димовска препорача Судскиот совет да се трансформира во тело во кое ќе членуваат судии со половина работно време и секоја одлука којашто ќе ја донесат всушност да се однесува и на нив. За Советот за утврдување факти, таа смета дека е невозможно едно тело да ја утврдува фактичка состојба, а друго да носи одлуки. Особено го истакна фактот дека по прашањето за Академијата за судии и јавни обвинители, е согласна со сите претходно изнесени констатации, дека критериумите за влез во Академијата треба да претрпат промени, но дополнително истакна дека треба да се продолжи и времетраењето на таа обука, што од нејзино искуство е доста кратко и со тоа проблематично. Но, таа го покрена и прашањето за капацитетите на судските службеници и предложи дека нивното обучување и надградба има клучно влијание врз нивните перформанси, споменувајќи го примерот на Ирскиот институт за администрација.

Во завршните констатации, особено го посочи проблемот со недоволните средства за судството. Најпластично кажано, „недозволиво е судството за да си ги поправи тоалетите да чека грант“. Тоа е навредливо за еден судија. За крај, како одговор на прашањето: „Од каде да почнеме?“, препорача да се почне „од секаде“, односно „тој што го има делот на финансии, нека размисли, нека даде пари, тој што го има делот на едукација, нека размисли за тоа“.

## Панел IV – Темелни права

***Г-ѓа Силва Пешиќ, советник за човекови права на постојаниот координатор на Обединетите Нации***, на панелот за темелните права, во својот вовед потсети дека темелните права „се правила за живот во достоинство и во слобода“ и дека тој факт често се заборава. Вториот дел што сите го заборават, вклучително и професионалците, меѓутоа, за жал, и граѓаните, е дека сите сме луѓе, човечки суштества и имаме права. Никој од нас, дури и обичните граѓани, кога ќе се спомне го нема чувството на познавање и на препознавање на значењето на правата во едно општество.

*...концептот на човекови права е многу романтичен концепт“, меѓутоа она што треба да се има предвид е дека не е романтичен, туку се работи за универзални правни гаранции, гаранции коишто со себе носат законски обврски, пред сè, кон државите...*

Таа посочи дека државите кога ќе ги прифатат тие обврски и ќе се обврзат да ги почитуваат стандардите коишто се нели, сите знаеме, веќе и на меѓународно и на регионално ниво, не е да потпишат само една убава хартија туку треба тие и да ги спроведат, а спроведувањето и не е така лесно, значи од хартија во практика е комплексно, бара координација, бара знаење, бара посветеност.

Според г-ѓа Пешиќ, „нашата држава ја бие глас и тоа е вистина дека ги прифаќа тие меѓународни стандарди, регионални обврски и тоа е добро и убаво, меѓутоа кога ќе дојдеме кај спроведувањето имаме проблем", и тоа се совпаѓа со искажаните препораки и наоди на Мрежа 23. Совпаѓањето во голема мера е поради фактот што според сите кои ги следат човековите права е според мерката по којашто се мерат тие стандарди за човекови права, и „кога јас ќе кажам дека нешто не е исполнето, не кажува Силва, тоа го велат стандардите, така што тоа е уште нешто што кај нас недостасува, а факт е што тоа се доживува како критика и дури како личен напад и се сфаќа лично".

На крај, околу улогата на граѓанските организации, г-ѓа Пешиќ нагласи дека од „тоа денес што ве слушав за улогата на граѓанското општество, има улога, прави ова или тоа, можам да кажам дека сите вие имате право на учество, значи не е дали државата сака или не сака да ве слушне, туку една од обврските на државата е да ве слушне, да нè слушне сите нас, не само организациите туку секој од граѓаните, кои имаат право на учество".

***Г-ѓа Уранија Пировска од Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија***, ги претстави заклучоците и препораките од анализата во сенка за Поглавјето 23. Во согласност со анализата, г-ѓа Пировска презентираше дел од препораките кои се однесуваат на:

- Притворот за којшто главната констатација е дека се претвора во казна, не се применуваат алтернативните мерки, како и незаконитото работење на УБК;
- Се препорачуваат измени на законот и воведување гаранции кога станува збор за следењето на комуникациите, но и надзор врз работата на управата за безбедност и контраразузнавање;
- Анализата се осврнува и на правото на јавен собир, и на мирен протест и на слободата на изразување, но и на говорот на омраза;
- Секој мирен протест којшто беше организиран, Хелсиншкиот комитет го следеше и речиси во секој од тие настани беше констатирано пречекорување на овластувањето на полициските службеници, во некои и прекумерна и непотребна употреба на физичка сила;
- Пасивност на Агенцијата за аудиовизуелни и медиумски услуги, односно во нејзиниот совет, која требала да ги следи состојбите и да ја известува јавноста;
- МРТ и одново потсетуваме на тоа која треба да биде нејзината улога и што треба да прави јавниот сервис, па во таа насока е и препораката за ранливите и за маргинализираните заедници, значи ЛГБТИ заедницата, за ромската етничка заедница, за правичната застапеност на ромската и на турската етничка заедница во државната и во јавната администрација.

***Г-ѓа Билјана Бејкова, НВО Инфо Центар, (проект: Има ли слобода на изразување во Македонија?)***, информираше дека со новиот Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, декриминализирани се навредата и клеветата, но јавноста е поделена околу квалитетот и влијанието врз слободата на изразување. Според г-ѓа Бејкова, 520 судски процеси од кои две третини се одвиваат во скопскиот основен суд, додека една третина од тие случаи вклучува новинари, медиумски работници и медиуми, односно тоа се случаи каде што најчесто новинарите се тужени. Копјето на слободата на изразување, според неа, најчесто се крши пред Основниот суд Скопје 2 Скопје. Скопските судии почесто се повикуваат на Европската конвенција за човекови права и практиката на Судот во Стразбур.

*Генералниот заклучок, според Бејкова, е тоа дека експертите за човекови права коментираат дека законот како таков не ја исполни својата цел, можеби ја декриминализираше навредата и клеветата, но, од друга страна, дел од одредбите и начинот на којшто се спроведува.*

Анализата, исто така, констатира недоследно почитување на Европската конвенција и практиката на Судот во Стразбур, односно судиите судат со двојни аршини и тоа најчесто судат во корист на функционерите. Се утврдува загрозување на слободата на изразување, самоцензура, потенцијално затворање на критичките медиуми, бидејќи секоја поголема казна за нив може да значи затворање, „оладувачки“ ефект врз истражувачкото новинарство.

***Г. Кире Василев, Самостоен синдикат на новинари на Македонија, медиуми, газди, новинари и работнички права***, презентираше дека во анализата се даваат два типа на препораки, едните се однесуваат кон институциите, другите кон синдикатите.

Препораките кои се однесуваат кон институциите се: следење на меѓународните извештаи, почитување на конвенциите, декларациите, Уставот и законите, посебно законите кои се однесуваат на работничките права; носење колективен договор кој ќе послужи како инструмент за демократски преговори, кој е многу битен елемент за да се сузбијат некои проблеми, како што се, на пример, проблемот со хонорарните работници и прекумерната работа во медиумите; зголемување на функционалноста на инспекторатот за труд, реструктуирање на Агенцијата за визуелни и аудиовизуелни услуги и МРТ, како и менување на законската регулатива и решавање на системската корупција на медиумите.

Препораките кон синдикатите се: подобрување на соработката со фондациите, невладините и активистичките организации; вмрежување со меѓународните синдикати со цел градење солидарна поддршка; зголемување на бројот на стручните анализи и литература поврзана со работничките права и заменување на старите пасивни форми со проактивни форми на дејствување.

***Г-ѓа Наташа Бошкова, Сексуални и здравствени права на маргинализирани групи (проект: Анализа на механизмите за заштита од дискриминација на маргинализираните заедници на локално ниво: општина Битола, општина Струмица и општина Центар)***, информираше дека во анализата се укажува на тоа дека државата мора да обезбеди почитување на основните права и слободи, да обезбеди функционирање на механизмите за заштита од дискриминација и обезбедување заштита од дискриминација на сите нивоа. Се подвлекува фактот дека недостасуваат податоци за функционирањето на механизмите за заштита од дискриминација на локално ниво.

Генералниот заклучок е дека механизмите за заштита од дискриминација на локално ниво се соочуваат со бројни предизвици и не нудат доволно заштита. Имено, новиот ЗЕМЖМ (Закон за еднакви можности кај мажите и жените) наметнува обврска за локалните комисии за еднакви можности да спроведуваат активности за заштита од дискриминација, но не е предвиден начинот и формата во кои ќе се реализира оваа надлежност, па оттука има разлики што предвидува законот, а што се спроведува на терен.

*…вклучување на здруженијата и на маргинализираните заедници во работата на општината преку свои инцијативи и преземање мерки за елиминирање на вознемирувањето во училиштата, како и организирање обуки за подигнување на капацитетите на механизмите за заштита од дискриминација…*

Генералните препораки за сите три општини во кои е спроведено истражувањето се: обезбедување средства за координаторот за еднакви можности; планирање и спроведување активности за заштита од дискриминација на маргинализираните заедници; вклучување на здруженијата и на маргинализираните заедници во работата на општината преку свои иницијативи; зголемување на бројот претставки до Народниот правобранител; преземање мерки за елиминирање на вознемирувањето во училиштата, како и организирање обуки за подигнување на капацитетите на механизмите за заштита од дискриминација.

***Г. Стевчо Биноски, Здружение Центар за стратегии и развој ПАКТИС Медиа: Систем на алтернативни мерки со посебен осврт на состојбата на имплементација во општина Прилеп***, во својата анализа презентираше дека алтернативната мерка е израз на современата тенденција за рестриктивна примена на казната затвор и за третманот и реинтеграцијата на сторителите надвор од затворот. Овие мерки претставуваат антипод на затворската казна и согледувајќи ја состојбата во затворите во Република Македонија со карактеристики на пренатрупаност, тортура, нехуман и деградирачки пристап кон затворениците, непристојни материјални услови, непрофесионално менаџирање, несоодветна здравствена заштита и недостиг на контрола и надзор, алтернативните мерки се повеќе од потребни.

Препораките добиени во анализата се однесуваат на следново:

Активен придонес на државата и на институциите за поголема афирмација на системот за алтернативни мерки за остварување на целосните ефекти од нив и зголемување на сериозноста и одговорноста кон овие санкции.

Актуелизирање на предностите кои ги нуди системот на алтернативни мерки, кај стручната и пошироката јавност со цел прифаќање на алтернативните мерки од страна на граѓаните во практика и нивно активно учество во ресоцијализацијата на осудените.

Креирање систем каде ќе бидат прикажани сите институции, претпријатија и организации, со определените места и услови кои ги поседуваат, а каде осудените ќе можат да ја извршуваат општо корисната работа.

Поактивна улога на Обвинителството во однос на предлагањето алтернативни мерки, проширување и дополнување на член 497 од ЗКП, да биде дадена можност и другите видови алтернативни мерки да можат да се предлагаат со предлогот за издавање казнен налог.

***Г-ѓа Санија Бурагева, Здружение за еднакви можности „Еднаков Пристап“: Анализа на примената на Законот за бесплатна правна помош вклучително и анализа (cost-benefit analysis) на трошоците за негово спроведување со посебен фокус на родовиот аспект***, укажа на следниве заклучоци: постои широка законска рамка која овозможува еднаков пристап до правдата, еднаквост пред законот и право на правично судење; ограничен

пристап до остварување на правото на бесплатна правна помош (БПП) поради недоволна информираност; Законот не обезбедува еднаков пристап до институциите во системот и не овозможува ефективна правна помош поради долги процедури; недоверба кај судовите; недоволна едукација и несензитивност на вработените во подрачните единици, судовите и адвокатите кои се задолжени за негово практикување; жените имаат поголем бенефит во остварување на ова право што упатува на нивната положба во која се наоѓаат во општеството.

Затоа потребни се доолнителни напори и вклучување на релевантните институции и организации за спроведување на законската регулатива, унапредување на координацијата помеѓу вклучените субјекти во системот за БПП, како и поефикасно и потранспарентно обезбедување пристап до социјално ранливите групи. Исто така, потребни се и повеќе обуки за сите засегнати страни вклучени во системот за БПП, обезбедување повеќе средства во Буџетот и покренување иницијатива за измени и дополнувања на Законот за бесплатна правна помош заради олеснување на процедурите за негово спрведување.

***Ивана Драгшиќ, Здружение за активизам, теорија и уметност - Скопје: Новите улици во Скопје и темелните права на граѓаните.*** Во анализата на Плоштад Слобода се укажува дека голем дел од проблемите имаат едноставно решение, а во моменталната политичка состојба во Македонија, тоа често зависи од волјата на носачите на јавни функции или од пазарно-ориентираната понуда на јавниот тендер. Понатамошната адаптација и употреба на реконструираните улици, исто така, зависи и од навиките, нивото на сообраќајна култура и свест кај граѓаните. Сепак, безбедноста на населението, учесниците во сообраќајот, а особено оние со посебни потреби, не треба да бидат предмет на наддавање и на преговарање, туку предмет на прецизна законска рамка, со јасни и аргументирани правила и стандарди за програмирање на јавниот простор.

Постои потреба од соодветна законска рамка која може да влијае и врз креирањето на јавното мислење, подигнувањето на свеста, но одредени вредности, знаење и практики (за однесување во сообраќајот, солидарност, искористување на јавниот простор) се стекнуваат преку образовни и информативни процеси, кои, исто така, треба да бидат задолжение на надлежните јавните институции. Постои потреба за синхронизација на законската рамка со европската регулатива, особено Поглавје 23, Повелбата за темелни права и слободи на Европската Унија; вработување и ангажирање високо образовани кадри од областа на сообраќајното инженерство, социологијата и животната средина при планирањето реконструкција; како и анализа и примена на добри примери и практики од домашни, но и од странски општински и јавни политики.

> *…слободата на говор и слободата на медиумите како права кои ја имаат силата да ја заштитат и да дејствуваат на промоцијата на демократските вредности, како и на фундаменталните вредности на човекот…*

**Дискутанти во панелот Темелни права:**

***Г-ѓа Нора Алити - пратеник во Собранието на Република Македонија***, во име на Собранието на Република Македонија ја изрази потребата од присуство на повеќе претставници од Собранието. Таа го поздрави придонесот на Мрежа 23 за „подигнување на улогата и влијанието на граѓанското општество во евроинтегративните процеси", а воедно и за сѐ она што се однесува на темелните вредности кои треба да бидат реалност за сите кои живеат во Македонија. Според г-ѓа Алити, недостигот на политички дијалог, политичката криза од 2014 година со бојкотот на Собранието од страна на опозицијата, која во 2015 година

прерасна во институционална криза, предизвика „апатична недоверба кон независните институции, со криза околу сигурноста и мирот и лошиот економски амбиент, кои, за жал, се закануваат и влијаат на темелните права на човекот".

Што се однесува до слободата на медиумите, таа посочи дека „имаме една тажна ситуација, исто како и за слободата на изразување". Според неа, не може да има реформи без Собрание кое нема потполна моќ, која непотполност не е само поради отсуството на опозицијата од Собранието туку и „поради фактот што не ја исполнува во целост улогата на надгледувач". Немањето независно правосудство прави проблеми за темелните права и неретко правосудниот систем праќа пораки дека правдата и неправдата ја имаат истата смисла, коишто се гледаат преку случаите на нетранспарентност и „немањето активност, односно молк од страна на обвинителството".

На крај, г-ѓа Алити упати и критика кон граѓанските организации поради отсуството во јавните дебати кои се организирани во Собранието во Комисијата за европски прашања, со што ги поттикна граѓанските организации да понесат одговорност да бидат поактивни „за да се подигне гласот за сите проблеми со кои се соочуваме денес". Но и покрај разочараноста изразена од заменик амбасадорот на европската делегација, во исто време таа изрази оптимизам дека, сепак, може да се закрепнеме и дека сите носиме одговорност и немаме време за губење, бидејќи се ближи октомври и можноста за губење на препораката.

*Политизираноста и партизираноста на правосудството и на администрацијата се две негативни појави каде што носителите на функции не се избираат според законите, со што се јавува неквалитет во правосудството и постојат политички пресуди и што е најлошо имаме нагласена корупција.*

***Д-р Осман Кадриу – универзитетски професор*** на панелот за темелни права, започна со две прашања, едното за фундаменталните права кои ги гарантира Уставот и другото за тоа кој е пристапот на јавните политики за нивна практична реализација. Според него, Уставот припаѓа на групата на демократски устави во светот, кој во својот нормативен дел ги гарантира, ги одредува, ги санкционира темелните права. Уставот обезбедува правни механизми и инструменти за реализација на темелните права во практиката.

Според него, во секој држава „правосудството претставува последната инстанца пред која се реализираат правата и обврските на граѓаните" и се поставува прашањето дали доколку Уставот е гаранција за правата, колку се гарантирани темелните права во Македонија. За жал, во последно време, во Македонија имаме правна, политичка, уставна, морална и економска криза и кога државата е задлабочена во криза, како последица доаѓа и „нереализацијата на темелните слободи и права. Правосудството не е на ниво на компетенциите што ги има според Уставот и законите".

Д-р Кадриу ја нагласи важноста на правосудството во борбата против корупцијата, но, за жал, и самото правосудство е навлезено во корупција. Одговорност за излез од кризата треба да има преку јавните политики преку кои треба да се бранат државните, општествените и граѓанските интереси, а не сопствените интереси. Јавните политики се трансформирани во

политики за приватни и за партиски цели, а корупцијата е длабоко навлезена во политиката. Во моментов имаме блокада на процесите во судскиот систем и за решавање на правните проблеми се подразбира кривична одговорност. Неодговорноста на државата претставува проблем во справувањето со корупцијата, а тоа „претставува анархија и, за жал, сите сме во таа ситуација“. Поради правниот хаос се појавуваат дискриминација и корупција, појави кои се многу тешки. Апелот кој тој го упатува е граѓанските организации да продолжат со своите активности, бидејќи патот до решавање на кризата е тежок и полн со пречки, но, сепак, ќе опстоиме со надеж дека нашите планови и програми ќе се реализираат.

***Д-р Симонида Кацарска од Институтот за европска политика***, истакна дека преминот на овие прашања од политичките критериуми во Поглавјето 23, претставува клучен момент и момент на луѓето коишто работеа на оваа област, и се очекува дека ќе се добијат појасни одредници. Кацарска смета дека тоа е така затоа што и самата ЕУ внатре ги развива овие права на начин на којшто тие влегуваат во самиот правен поредок на ЕУ. Честопати, темелните права се за надворешна употреба, односно за земјите коишто пристапуваат во ЕУ, а не и за самите земји-членки. Поради тоа, во начинот на којшто Европската Унија пристапува кон ова прашање постои неконзистентност, некои прашања се појавуваат една година, а потоа немаме следење на истото прашање во текот на годините и Комисијата честопати влече од меѓународните инструменти, како од Обединетите Нации така и од Советот на Европа.

> ...темата ќе се менува од година в година, ќе се менуваат одредниците, но подобро е сами да си ги утврдиме тука и да ги поставиме добро, а поголема е веројатноста дека и Европската комисија понатаму ќе ги преземе отколку да добиеме пошироки одредници...

Во овој контекст, неопходно е да размислуваме на критика на начинот на којшто ЕУ го третира ова прашање, поради своите внатрешни проблеми и неусогласеноста, и поради обезбедување на следење на прашањата од година в година, преку тоа што ние ќе ги држиме на самата агенда. Треба да се следи самото пристапување на ЕУ кон Европската конвенција за човекови права како главна тема, односно овој исчекор напред и во контекст на ЕУ за човековите права е резултат и на процесот којшто помина со источното проширување, бидејќи, на некој начин, оние гласови во однос на одредените двојни стандарди коишто постоеја во однос на односот којшто го има ЕУ што го бара од кандидатите и за себе, веројатно направи рефлексија внатре во рамките на Европската Унија. Треба да размислуваме дека тоа Поглавје е тука за ние да го искористиме, меѓутоа веројатно и да ги унапредиме оние одредници коишто самата ЕУ ги става пред нас, бидејќи сет на дефинитивно acquis или на европско законодавство не постои.

Д-р Кацарска укажа дека „темата ќе се менува од година в година, ќе се менуваат одредниците, но подобро е сами да си ги утврдиме тука и да ги поставиме добро, а поголема е веројатноста дека и Европската комисија понатаму ќе ги преземе отколку да добиеме прешироки одредници“ за кои е случај во преговорите, нејасни за тоа што треба да се исполни и што оставаат поголем простор на Европската комисија понатаму како за политичка така и за несоодветна проценка. Затоа и понатаму кога ќе ги вршиме овие истражувања да се надеваме дека овој наш извештај ќе стане една долгорочна вежба и ќе размислуваме само во овој контекст.